**СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА**

Жаклина Михајлова

# ШУМ -хаику

**БРАН**
**Република Македонија**
**e-maill; ezerostruga@yahoo.com**

**СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА**
**Жаклина Михајлова**
**ШУМ**
Двојазично издание

*Издавач*
„Бран“ – Струга

*За издавачот*
Петко Шипинкаровски

*Уредник*
Мишо Китаноски

*Рецензент*
Петко Шипинкаровски

*Лектор*
Елена Боцевска

*Превод од македонски*
Лидија Берберу

*Корица и дизајн*
Јове Стојановски

*Печати*
Ирис Принт, Струга

*Тираж*
300 примероци

ЖАКЛИНА МИХАЈЛОВА

# ШУМ

БРАН

Copyright by: Жаклина Михајлова
www.zaklinamihajlova.com

**Печатено во МАКЕДОНИЈА**

**1**

Ризик голем е:
желката си го вади
вратот – напредува!

**2**

Летото гори,
црвенилото игра
во спомените!

**3**

Летна жега е...
Умираат микробите -
Послани алишта!

**4**

Летното сонце
умира во океанот.
Глетка за живот.

**5**

На плажата врие,
мрзливи луѓе лежат.
Летото мине...

**6**

Приквечерина!
Птиците пејат летно,
рајски впечаток!

**7**

Лето доаѓа.
Сонцето и водата,
љубовна игра.

**8**

Жива коприна!
Езерско изгрејсонце,
летен украс.

**9**

Бистра и блиска,
месечината само
шепти во лето.

**10**
Златна летна ноќ :
Штурци, светулки и моќ
Еко-муз(ик)а!

**11**
Сончева преѓа,
летниот сон истура
љубов попладне.

**12**
Трепери сребро,
езерото низ занес
тајни кажува.

**13**

Крвав залезот
спокојно забегуваше,
есен е веќе!

**14**

Жалната врба
жално се огледува
во мирниот поток.

**15**

Наутро урок,
напладне пчела без глава,
навечер умор.

**16**

Дај, Боже мој, дај,
милост , радост и љубов,
ако е есен!

**17**

Пролетта плете
нови мрежи на живот,
стапица вечна!

**18**

Сѐ се вртеше
околу младината,
младоста ојде!

**19**

Зимска чистина
е душата бебешка,
нежна и бела!

**20**

Сакам најдобро!
Најдоброто ме сака
мене, душата ми!

**21**

Лета животот,
чиниш една станица
од утро до мрак!

**22**

Стари спомени
како драги камења
тежат и блескаат!

**23**

Синото врапче
скока ли скока само,
безгрижна радост.

**24**

Пролет е нова,
голите гранки ново
облекуваат!

**25**

Фрли мисла барем,
да ме осветли внатре,
скришум да грее!

**26**

Судбината е
и сонце бесценето
и секавица!

**27**

Судбино моја,
излези од мракот црн,
покажи се ти!

**28**

Црвена, сочна,
лубеницата муви
ја лижат прво.

**29**

Чист воздух има,
да се диши лакомо,
на здравје да е!

**30**

Спокојството е
мир блажен за човекот,
практикувај го!

**31**

Зујат мувите,
ќе врне ли или смрди
околината?

**32**

Филмот пукнат е!
Ни срам ни перде нема
народов денес!

**33**

Црно вино е,
љубовта изнајдена
на старост!

**34**

Небото ширно,
и тоа тајни крие,
безмилосно!

**35**

За царството е
сведок дабот стар и цврст,
правеле круни!

**36**

Ветерот воздух
проветрува и чисти,
сите бегаат!!!

**37**

Оградата е
жива, густа и лична.
Ерозијо, стоп!

**38**

Пајакот плете
мрежи со ниет,
гозба со жртви!

**39**

Зелени борја
со миризба и со смола
привлекуваат!

**40**
Отворен огнот
сила волшебна има,
разгорува бес!

**41**
Безгрижна е и
природата и домот,
сврши свадбата!

**42**
Сѐ во свое време
доаѓа, се случува
и поминува.

**43**

Гракаат цел ден
страчките во планина.
Осамени се!

**44**

Прво мисли на
последиците, кога
ќе се налутиш.

**45**

Хаос во овој
совршен ред е тоа
што ќе те води.

**46**

Исчисти ги од
животот „мртвите дрвја”,
преироди се пак!

**47**

Искуси тага,
ќе те научи да цениш
радост права.

**48**

И штрковите
се враќаат назад,
јас не можам!

**49**
Сите луѓе се
родени како добри.
Што ли ќе станат?

**50**
Душата ти е
полна ако исполниш
сакана желба.

**51**
Измери ги на
кантар зборовите пред
да отвориш уста!

**52**

Вистината е
значајна откако ќе
го видиш крајот!

**53**

Доброто здравје
е највисок дострел,
живот спокоен.

**54**

На долгиот пат
најважно е друштвото,
за среќен да е!

**55**

Се топам како
свеќа восочна, дневно
исчезнувам јас!

**56**

Надворешно јас
збареам дневно, внатре
се обновувам!

**57**

За сè има да
има годишно време,
чекај го мигот!

**58**

Земјата дише
сказни или приказни...
Застани, почуј !

**59**

Се настрвиле
мршојадци, демнат миг!
Бог да го прости!

**60**

Студот стегаше
и стреите плачеа,
женско се роди!

**61**
Дувни ветре,
тивко повеј таксират,
да капнат солзи!

**62**
Педесет и пет
славејчиња пееја,
среќни за тебе!

**63**
Дишеме ние,
листот и јас спокојно,
во хармонија.

**64**
Спектар светлина,
осветлува планина.
Бласкаат тајни!

**65**
Светлоста длаби,
отворено небо
- бодеж од стрели!

**66**
Зрак надеж пуста
го грее светот кротко,
не се сите зли.

67
Рамноденица -
на пролет аздисана,
на есен - тажна!

**68**
Летната жега
извор цел пресушува.
Изгор, пустош е!

**69**
Иње во шума!
Сребрениот здив на
зимата ѕвони.

**70**

Штркот замина!
Гнездото нема живот.
Таговно зјае...

**71**

Зимското небо
празно, сиво и тажно...
Врапчето колве.

**72**

Јасна, чиста ноќ!
Зимската месечина
за срце фаќа.

**73**

Месечева светлост.
Две души си се греат,
а оган нема!

**74**

Уморна сум јас!
Патувам низ сонот блед...
Овенат сум цвет.

**75**

Празен зимски ден.
Само здуваното его
го полни видот.

**76**

Пролетта почна.
Заврна дожд веднаш.
Солзи, непребол...

**77**

Што е љубовта,
прикажува искусно
градскиот саат.

**78**

Есента дојде,
добровечер реко,
течеш ли уште?

**79**

Возот помина,
случајно те видов пак,
сок од афион.

**80**

Поглед во поглед,
затрепери ѕвездата
отров испушти.

**81**

Староста е кревка,
приказната пред неа
е многу цврста.

**82**
Биди светлина!
Нема темнина што ќе
те скрие тогаш.

**83**
Не им прави радост!
Само ако паднеш ќе
те стигнат злите!

**84**
Играјте оро,
на ваша музика,
ама, по наш такт!

**85**

Чекор до врвот,
планината се губи
веќе од видот.

**86**

Застана гавран
на оградата моја.
Муабетиме!

**87**

Паѓаат лисја.
Ветерот свири тажно.
Посмртно танго.

**88**

Доцна есен е.
Навјасаа години.
Изборот е мој...

**89**

Разните бои
на природата се твој
клуч за животот.

**90**

Ноќе на небо
ѕвездите демнат сами.
Ги правам вечни...

**91**
Повторно е лето.
Кенгурите доаѓаат
во стариот крај.

**92**
На пазар врева.
Само мувата лиже
сочно грозјенце.

**93**
Пејам ода за
природата, седната
пред компјутерот!

**94**

Црна, глува ноќ.
И месечината е
сама при луѓе!

**95**

Кучето лае!
И тоа има грев.
Моли за прошка.

**96**

Есента стигна.
Уште не сум сама јас.
Сенката ме следи.

**97**

Жолтата дуња
засрамено венее.
Црв ја нападнал!

**98**

Змија се буди.
Сонот ѝ е минато.
Глад и топлина...

**99**

Оџакот стои.
Куќата ја нема веќе.
Траг од топол дом...

**100**
Кревет во домот.
Старицата неподвижна...
Клучот е во книга.

**101**
Свеќите горат,
цвеќињата венеат,
на гробишта молк.

**102**
Го жалат уште!!!
На гробишта не викнаа
никој на изнес!

**103**

Крај на патот.
До тука бидува плач!
Ја погребаа...

**104**

Враќање дома.
Непознат народ гледам.
Боже, каде сум?

**105**

Се исушиле
овошните дрвореди.
Снемало луѓе!

**106**
Печалбарство...
Голготата врв е, јад!
Враќање нема.

**107**
Ливче на врата.
Гостите дошле дома.
Непоканети!

**108**
Стара лозница,
орев и бука в двор.
Сами се дома.

**109**

Прозорска бука.
Споулавел ли ветрот?
Што бара тука?

**110**

Алиштата висат.
Гимнастика на жица.
Исушени се!

**111**

Штркот пристигна.
Бебиња ли донесе
или болести?

**112**

Убавицата
ја сакаа сите
Остана сама...

**113**

Бисерно зрно,
од мака направено...
Нема спас од нас!

**114**

Солзи есента.
Ништо не ѝ остана.
Жал за младоста.

**115**
Доодени сѐ,
а бараат внимание,
старите луѓе.

**116**
Стариот клуч не
ја отклучува куќата.
Скршени сништа.

**117**
Боботи огнот.
Топличко беше зиме
и кај баба ми.

**118**

Староста враќа
спомени и навики
од младите дни.

**119**

Десет години
во девет педи лежиш...
Празно е, тато!

**120**

Проѕирно е!
Во темелите мои,
песните лежат!

**121**

Надвор вее снег.
Дете лиже мразулец.
Зимска идила.

**122**

Кружен тек на пат.
Турист од Австралија.
Лево па десно.

**123**

Огнот боботи.
Пламенот ѕверски ждере
еукалиптус.

**124**

Безумието
поплава ми направи.
Реката тече...

**125**

Стариот штрк е
нажален и немоќен.
Не оди на југ.

**126**

Глушец во куќа.
Гостин ли е ил кобник?
Драмата тече...

**127**
Ќор-сокак в град,
Слепиот сè некој знак
таму го води.

**128**
Живот поминат
без песна на славејот.
Во туѓина е!

**129**
Уживанција...
Природата е лична,
на фејсбук видов...

**130**

Треба да трчаш?
Трчав низ компјутерот.
Се важи ли тоа?

**131**

Компирот ‘рти.
Никулец се раѓа нов.
Желба за младост!

**132**

Редица мравки.
Се враќаат од работа.
Толку за денес.

*Петко Шипинкаровски*

# ЕДНА ПЕСНА, ЕДНА ПРИКАЗНА

Жаклина Михајлова: *ШУМ*, *Бран*, 2015

***Измери ги на***
***кантар зборовите пред***
***да отвориш уста***

Најновата книга на Жаклина Михајлова насловена како *ШУМ*, претставува разнолика структура на песни, слеани во рапсодија од раздвижени бранови низ кои се прелеваат емоции на љубов, радост, тага, носталгија, прегор, жар, но и студенило на душевно -временски немири... Таа е втора нејзина збирка на хаику поезија со која ја збогатува современата македонска литература, и пошироко, зошто Михајлова подеднакво твори на македонски, но и на англиски јазик и нејзините дела се распространети на повеќе континенти (Европа , Океанија...).

По објавувањето на поетските книги **„Од по жица“(**2013) и **„Двојник“** (2014), а набргу потоа и поетското дело со хаику поезија **„Цут“(**2014), авторката ја објавува

и впечатливата сликовница за деца **„Патувањето на Дедо Мраз“(**2014), со кои потврдува дека разновидноста на стиловите и приспособувањето на напишаното за различна возраст ѝ се доблест.

Во „ШУМ“ таа, сега веќе, како потврден хаику мајстор прави нова постројка на творби изразени во поетско-прозен шум на вибрации, белези и бои.

Овојпат, како и во **„Цут“**, Жаклина Михајлова низ 132 хаику пораки, прави еден нераскинлив, а сепак, себе посебен дел на секоја мини композиција што јури низ ненаситниот, незаситениот простор на временското постоење како бит, како појава, како привидение, како „сончева преѓа“, како да:

***Сè во своe време***
***доаѓа, се случува***
***и поминува.***

Или, книгата „Шум” не е ништо друго, туку нова појава на чувства на среќа и доживувања како блик и блесок на виножито, провлекување со и низ тристишијата на својот бренд на препознатлив стил, што

сето тоа глобално претставува збир на лирски минијатури, што секоја по себе претставува целина или една песна, една приказна, минијатурна во приспивноста на македонско-јапонската приквечерина, како сè да си има свое раѓање, живот и смрт: *Летна жега/ извор цел пресушува./ Изгор, пустош е!*

Михајлова потсетува, но и предупредува како во хаибунот: *Пајакот плете/ мрежи со ниет,/ гозба со жртви*, дека материјалното постоење не е само фигуративно, ветромејно, незабележително, туку и жолчно, тагобно; *Искуси тага, / ќе те научи да цениш/радост права*, што се врти во кружен тек на вистината: *Вистината е/ значајна откако ќе/ го видиш крајот*, како што поетесата се лее во бесконечноста: *Се топам како/ свеќа восочна, дневно/ исчезнувам јас...* наспроти нискоинтелегентноста како продукт на злобата и бездушноста: *Се настрвиле/ мршојадци, демнат миг!/ Бог да го прости!*

Дека Жаклина Михајлова си изградила сопствена хаику патека по која смело и одважно чекори, говори грстот *преграт-ки* (Христо Петрески), на собрани моќни

метафори во објективни пораки и вистинитост во стихови песни од хаику жанрот на испреплетена мрежа : љубовни: *Фрли мисла/барем да ме осветли внатре,/скришум да грее!*, носталгични; *Печалбарството.../ Голготата врв е, јад!/ Враќање нема*., тажни; *Свеќите горат,/ цвеќиња венеат/ на гробиштата молк,* како и на враќање во реалноста дека „сè се врти, сè се менува“ и во минливоста, говори во песната *Сè во свое време/ доаѓа се случува/ и заминува,* каде поетесата е вечен патник на „вечното сега“, што ги длаби и остава големите траги во и онака глобалниот жанр на хаику-композицијата. Поетесата, хаику поезијата ја набљудува од надвор, ја доживува од внатре и ја истура и распространува како семе и збир на плодови на доживеана среќа и јад.

Оттаму, објавата на „ШУМ“ е важна појава за македонската литература, бидејќи, со право, Михајлова нè внесува во глобалната книжевна структура наречена хаику, што се на се, за македонската продукција претставува склоп на р’кулци во *летната жега* на системи и вредности што еднаш се чита, а засекогаш помни...



Белешка за авторот

Жаклина Михајлова е учителка, поетеса, писателка, активист и хуманист, промотор на македонскиот јазик и македонската култура. Таа доброволно работи на организирање и креирање на Манифестации кои го поттикнуваат зачувувањето на македонската култура, јазик и традиција во светот.

Од најраната детска возраст се занимава со литература и култура, а целото свое знаење и искуство го преточува во славење на славните, на родот од кој потекнува, на МАКЕДОНЦИТЕ и на МАКЕДОНИЈА.

Објавувала поезија и проза во најразлични литературни списанија, весници и литературни портали ширум светот. Досега ги има објавено збирките поезија „Од по жица”(двојазична), „Двојник“, збирката хаику поезија со наслов „Цут”(двојазична), како и

сликовницата за деца „Патувањето на Дедо Мраз"(двојазична).

Добитник е на Наградата „Иселеничка Грамота" 2013, што ја доделува Матицата на иселеници на Македонија. Има добиено и повеќе награди на годишни литературни конкурси низ светов.

Жаклина е член на Друштвото на писателите на Македонија, член на Друштвото на новинарите на Македонија, на македонското литературно друштво „Григор Прличев" од Сиднеј, а член е и на австралиската хаику асоцијација, како и на Центарот на писатели на НЈВ, во Австралија.

Нејзиното творештво може да го проследите на **www.zaklinamihajlova.com.au** или пишете ѝ на е-маил:
**zaklinamihajlova@gmail.com**